# ЗАПИСНИК

## од 7-та седница на Надзорниот Одбор на ЗЕЛС

Скопје, 24 јуни, 2016 г.

**ЗАПИСНИК**
од 7 - та седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 24 јуни, 2016 г.

**Присутни**: Жика Стојановски, Градоначалник на општина Илинден, Садула Дураку, Градоначалник на општина Липково, Николче Чурлиновски, Градоначалник на општина Валандово

**ДИСКУСИЈА**:

Членовите на Надзорниот одбор после утврдување на кворум за работа го усвоија следниот дневен ред:

**ДНЕВЕН РЕД**

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од претходната седница;
2. Разгледување на Извештајот за финансиско работење на ЗЕЛС во 2015г.;
3. Разно.

ПРВА ТОЧКА: Усвојување на Записникот од претходната седница;

Присутните членови едногласно го усвоија Записникот од претходната седница.

ВТОРА ТОЧКА: Разгледување на Извештајот за финансиско работење на ЗЕЛС во 2015г.;

Извештајот, детално беше претставен од Извршниот директор на ЗЕЛС, г-ѓа Душица Перишиќ. Таа ги презентираше детално ставките од извештајот. За разлика од претходните години оваа година првпат се бележи значителен раст на сопствените приходи од членарина и извршени услуги наспроти приходите од донатори. Тоа пред се, се должи на донесената одлука на УО на ЗЕЛС да се даде можност на општините на рати да ги исплатат долговите на име членарина. Доколку тоа не го направат се дава можност на ЗЕЛС да се исклучат дел од електронските услуги кои ЗЕЛС ги дава на општините. Поголем придонес во однос на зголемување на

приходите од сопствени услуги се генерирани и од реализираните проекти кои ЗЕЛС ги спроведе регионално со финансиска поддршка на ГИЗ. Поточно, се работи за консултантски услуги за Република Србија и Република Албанија за воведување на електронско издавање на дозволи за градење во соодветните држави.
Како поткрепа на овој извештај, пред членовите на Надзорниот одбор беа презентирани и две анализи и тоа една за структурата на трошоците за основните услуги кои ЗЕЛС ги дава на општините преку анализирање на трошоците реализирани во 2015 година, како и детален документ со статус на сите барања, иницијативи и дадени мислења по закони и други акти од ЗЕЛС до разни државни институции.

Членовите на Надзорниот Одбор едногласно го усвоија Извештајот за финансиското работење на ЗЕЛС во 2015 година.

## ТОЧКА РАЗНО:

Членовите на Надзорниот Одбор во рамките на оваа точка дискутираа околу напредокот и предизвиците со наплатата на членарината кон ЗЕЛС и за препорака на ЗЕЛС во поголема мера да се вклучи во аплицирање за искористување на средствата од ИПА фондовите.

Во однос на членарината, апелираа општините кои нередовно ја исплаќаат членарината да се прашат за причините и да се изнајдат заеднички решенија за да се овозмоќи на општините да го исплатат овој долг кон ЗЕЛС, бидејќи согласно податоците има општини кои добиваат солидни средства од разни извори како сопствени средства така и од концесии и сл и нема оправдување да не платат редовно на ЗЕЛС. Членовите апелираат општините редовно да ги подмират обврските кон ЗЕЛС.

Во однос на работата на ЗЕЛС и проектите на ЗЕЛС, членовите препорачаа ЗЕЛС во поголема мера да се вклучи во аплицирање за искористување на средствата од ИПА со проекти важни за општините.

**Скопје, 24 јуни, 2016 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**